ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2024 ГОДИНА НА
# ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ТОРАКАЛНА И ВАСКУЛАРНА ХИРУРГИЈА СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ (737)

06 2025 37 01/1

Скопје, јуни 2026 година

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија на сметката за средства од Фондот (737) за 2024 година.

Изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2024 година.

Не е вршена ревизија, ниту е издаден било каков извештај за финансиските извештаи на Клиниката за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи на Клиниката за 2024 година го утврдивме следното:

- во делот на евиденциите на залихите со кои располага Клиниката утврдивме дека не е воспоставено ажурно и навремено евидентирање на потрошокот на лекови и материјали во сметководствената и материјалната евиденција, а дел од нив биле набавувани пред склучување на договор со цел да се обезбеди непречено вршење на дејноста;
- во дел од спроведените постапки за јавна набавка постои несоодветна примена на Законот за јавните набавки;
- постојат пропусти во начинот на кој е организирана прекувремената работа на Клиниката;
- во рамки на Клиниката не е формирана посебна организациона единица Болничка аптека преку која треба да се одвива процесот на управување на залихите на лекови и медицински материјали;
- постои ризик од субјективен пристап при утврдување на висината на надоместоците на ангажираните лица со договор на дело.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот на Нагласување на прашања ревизијата известува за несразмерен соодност помеѓу бројот на реализирани редовни и итни прегледи и преголемата оптовареност на Клиниката.

Во делот на Останати прашања ревизијата известува за Националниот систем за материјално-финансиско и сметководствено работење при Министерството, кој не е воспоставен во целост.

Во делот Недостатоци на внатрешната контрола известуваме за несоодветно воспоставена контрола на документацијата во дел од работните процеси во Клиниката.

Извршени се сметководствени корекции по дадени препораки од ревизијата кои предизвикуваат промени во финансиските извештаи со нето ефект намалување на вкупната актива и пасива во износ од 20.689 илјади денари.

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр.25-664/1 од 27.04.2026 година.

# С О Д Р Ж И Н А

| Опис | Страна |
|---|---|


1. Вовед 1
2. Мислење на ревизијата 2
3. Основ за изразување на мислење 3
3.1. Основ за неповолно мислење, за финансиските извештаи 3
3.2. Основ за неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи 5
4. Останати прашања 9
5. Законска основа за ревизијата и временски период 11
6. Опфат и ограничувања 11
7. Одговорност за финансиски извештаи 11
8. Одговорност на ревизорите 12
9. Недостатоци во внатрешната контрола 13
10. Корекции во текот на ревизијата 14
11. Одговор на ревидираниот субјект 15

Финансиски извештаи за 2024 година

Биланс на приходи и расходи 16
Биланс на состојба 17
Преглед на промени на извори на капиталните средства 18

Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи

Вовед 19
Сметководствени политики 23
Образложенија кон финансиските извештаи 26

**Прилог 1** – Постапки за јавна набавка каде предметот на набавка не е дефиниран на јасен и неутрален начин

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ЈЗУ | Јавна здравствена установа |
| ЈУ за заеднички работи | Јавна установа за потребите на Јавните здравствени установи, Универзитетските клиники и Ургентен центар |
| Клиниката | Јавна здравствена установа универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија |
| Министерство | Министерство за здравство |
| Мој термин | Интегриран здравствен информатички систем |
| Фонд | Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:25-664/7
Дата: 04.06.2026

## 1. Вовед

Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија со седиште на бул. Мајка Тереза бр. 17 Скопје е основана и организирана согласно одредбите на Законот за установи и Законот за здравствената заштита.

Клиниката е јавна здравствена установа со права, обврски и одговорности утврдени со закон, колективен договор, статут и други општи акти. Основач на Клиниката е Владата на Република Северна Македонија.

Клиниката ја врши здравствената дејност во мрежата на здравствени установи, согласно со стручни упатства за медицина заснована на докази и протоколи утврдени од министерот за здравство и согласно Законот за здравствената заштита.

Клиниката во рамки на дејноста што ја врши во мрежата, укажува здравствени услуги на осигурени лица согласно Законот за здравственото осигурување под услови и начин утврдени со прописи од здравствената заштита и здравственото осигурување. Клиниката дава здравствени услуги и на пациенти кои истите ги плаќаат со лични средства.

Преку оваа сметка Клиниката остварува приходи согласно договорен надоместок со Фондот и на неа се евидентирани состојбите и трансакциите кои се однесуваат на редовното вршење на дејноста.

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи на страна од 16 до 18 на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија, на сметка за средства од Фондот (737), за 2024 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија за 2024 година на сметката за средства од Фондот (737), со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија на ден 31 декември 2024 година на сметката за средства од Фондот (737), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија, за 2024 година, на сметката за средства од Фондот (737), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

### 3.1. Основ за неповолно мислење за финансиските извештаи

3.1.1. На позицијата Залихи на материјали на 31 декември 2024 година искажан е износ од 22.961 илјади денари за залиха на лекови, медицински материјали, потрошни материјали и ситен инвентар. Со извршената ревизија на сметководствената и материјалната евиденција на прием, складирање и издавање на залихите, како и воспоставените контроли во овој процес го утврдивме следново:

- документите врз основа на кои се евидентира потрошувачката на залихите на лекови и медицински потрошен материјал во сметководствена и материјална евиденција, како и во евиденцијата на потрошени материјали по пациент, не се соодветно потпишани и одобрени од одговорните лица во организационите единици, што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетот и буџетските корисници, со кој е уредено дека внесувањето на податоците во деловните книги мора да се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни документи;
- не е обезбедено навремено евидентирање на потрошокот на залихите во сметководствената евиденција, при што на 31 декември 2024 година еднократно е евидентиран потрошок во износ од 100.589 илјади денари, иако материјалната евиденција и евиденцијата на издадени материјали по пациент се водат на дневно ниво. Наведеното не е во согласност со член 6 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, со кој е уредено дека воспоставените евиденции треба да овозможат согледување за состојбата и движењето на средствата;
- кај дел од медицинските материјали потребни за вршење на хируршки интервенции[1], не е обезбедено евидентирање на приемот и потрошокот во моментот на нивното настанување, бидејќи истите се испорачувани без утврдена вредност, во период кога не бил склучен договор за јавна набавка, а сметководствено се евидентирани подоцна, по доставување на фактури, што не е во согласност со член 6 од Законот за сметководството

[1] Протези, пачеви, степлери, клипсери итн.

на буџетите и буџетските корисници. Наведеното довело до неусогласеност на евиденциите, при што евидентираниот потрошок на материјали во материјалната евиденција е за 15.492 илјади денари повисок од износот на евидентирани потрошени материјали по пациент. Ваквиот начин на набавка се применувал до август 2024 година, со образложение за обезбедување на континуитет на работата на Клиниката, а во услови на истечен договор за јавна набавка и ограничена конкуренција[2]. Неоспорувајќи ја потребата од континуирано и навремено обезбедување на потребните медицински материјали, наведениот начин на набавка и евидентирање не овозможува целосно согледување на состојбата и движењето на залихите и укажува на нецелосно почитување на одредбите од Законот за јавните набавки;

- набавени се медицински гасови во износ од 5.139 илјади денари кои се обезбедуваат преку централен систем за снабдување од ЈУ за заеднички работи, како институција одговорна за нивна набавка и дистрибуција. Воспоставена е пракса, фактурирањето да се врши по кислородно место во секоја клиника, а не врз основа на реално потрошени количини, поради што не постои можност набавените количини да се евидентираат во сметководствената евиденција како материјали на залиха, ниту е обезбедено следење на нивната состојба, како што е предвидено со член 6 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Наведеното оневозможува навремено и целосно следење на потрошокот на залихите и има влијание врз точноста на податоците искажани во Билансот на состојба.

Препорака

Одговорното лице на Клиниката да обезбеди:

- уредно, целосно, точно и навремено евидентирање на приемот и потрошокот на залихите/материјалите во сметководствената евиденција, врз основа на веродостојни сметководствени документи;
- усогласување на евиденцијата на издадени материјали по пациент и материјалната евиденција;
- набавување и прием на медицинските материјали исклучиво врз основа на важечки договори за јавна набавка;
- воспоставување евиденција и контрола на приемот и потрошокот на медицински гасови.

[2] Согласно добиените информации од Клиниката, за овие материјали, ексклузивно право за продажба во државата има само еден економски оператор.

## 3.2. Основ за неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи

### Јавни набавки

3.2.1. Извршивме увид во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2022, 2023 и 2024 година по кои во годината предмет на ревизија преземени се обврски во вкупен износ од 159.324 илјади денари. Со ревизијата опфативме вкупно 16 постапки за јавни набавки кои имаат реализација во 2024 година, од кои 4 се спроведени во 2024 година, а останатите во претходните години, со што опфативме 93% од вкупно преземените обврски кои подлежат на Законот за јавни набавки и утврдивме состојби кои упатуваат на недоследно применување на законските одредби и тоа:

- кај дел од постапките за набавка на медицинска опрема, согласно кои се преземени обврски во износ од 30.277 илјади денари, предметот на набавката е дефиниран со прецизни и фиксни технички параметри или преку комбинација на конкретни технолошки решенија и карактеристики, односно без толерантен опсег или формулации како „најмалку“, „најмногу“, „приближно“ и „или еквивалентно“. Иако со техничките спецификации не е наведена конкретна марка или производител, ваквиот начин на дефинирање придонел во најголем дел од постапките да биде поднесена само една понуда или дел од понудите да бидат отфрлени, што влијае врз нивото на конкуренција. Наведеното не е во согласност со член 82 став 1 и став 8 од Законот за јавните набавки, во кој е наведено дека техничките спецификации треба да се изготват на јасен и неутрален начин со цел да се избегне фаворизирање на определен економски оператор (Прилог 1);
- за набавка на услуги за тековно одржување и занаетчиски работи на објектот на Клиниката, во 2024 година се преземени обврски во износ од 17.416 илјади денари[3], при што:
    - o предметот на набавка не е прецизно дефиниран, бидејќи не е изготвена предмер-пресметка со јасно утврдени позиции и количини на работите кои Клиниката планира да ги изведе на објектот. Наведеното не е во согласност со член 82 од Законот за јавните набавки, во кој е наведено дека предметот на набавката треба да се опише на јасен и целосен начин;
    - o со техничките спецификации предвидени се повеќе групи/видови на работи за кои се бараат единечни цени, а евалуацијата, односно

[3] **Постапка бр. 06123/2023** за набавка на систем за медицински гасови за просториите на одделението за интензивна нега на Клиника согласно која преземени се обврски во износ од 7.740 илјади денари; Постапка бр. 22068/2022 за набавка за тековно одржување – градежно занатски работи согласно која преземени се обврски во износ од 9.676 илјади денари

негативното наддавање се врши врз основа на вкупната вредност на понудата. При тоа, за одредени позиции со значајно влијание во намалување на вкупната цена не се јавила потреба за нивна реализација, што овозможило формирање на цени на реализирани позиции, со кои не е обезбедено економично користење на средствата, спротивно на член 4 од Законот за јавните набавки;
    - кај една постапка во износ од 9.676 илјади денари, критериумите за квалитативен избор на економски оператори не се дефинирани сразмерно со проценетата вредност и предметот на набавката, односно е побаран доказ за остварен приход и вредност на извршени договори во минати години во износ кој е повеќе од двојно повисок од проценетата вредност на набавката. Наведеното не е во согласност со член 89 и 91 од Законот за јавните набавки, со кои е уредено дека сите барани услови треба да се директно поврзани и сразмерни со предметот на набавката, неговата сложеност и вредност, а доколку се бара минимален годишен приход, истиот не смее да изнесува двојно повеќе од проценетата вредност на набавката.

  Воспоставениот начин на набавка на занаетчиски работи не обезбедува прецизно планирање и транспарентно утврдување на обемот на работите, овозможува субјективност при нивната реализација и создава ризик од неекономично користење на средствата.

- дел од набавките на реагенси и материјали во 2024 година се за апарати со затворени системи при што:
    - за набавка на реагенси и материјали за вршење на мониторинг на хигиена преземени се обврски во износ од 1.795 илјади денари;
    - за набавка на медицински потрошен и вграден материјал за 21% од ставките во техничката спецификација преземени се обврски во износ од 29.227 илјади денари.

  Овие апарати функционираат со материјали обезбедени од економски оператор кој е ексклузивен застапник за истите, што влијаело предметот на набавката во техничките спецификации да не биде дефиниран на неутрален начин како што е предвидено со член 82 од Законот за јавните набавки и резултирало во постапките да биде поднесена само една понуда. Наведеното не овозможува доследно почитување на начелата на конкуренција и економично користење на средствата, утврдени со членовите 4 и 5 од Законот за јавните набавки.

Препорака

Одговорните лица на Клиниката да преземат активности за:

- дефинирање на техничките спецификации со користење на толерантен опсег и неутрални формулации при набавка на медицинска опрема;
- прецизно утврдување на предметот на набавката кај градежно занаетчиските работи врз основа на предмер пресметка и утврдување на критериуми за квалитативен избор на економски оператори кои се сразмерни со вредноста и предметот на набавката;
- користење на законската можност за доделување на повеќегодишни рамковни спогодби при набавка на реагенси и потрошни материјали и дефинирање на предмет на набавка на начин кој не упатува на конкретен економски оператор и овозможува конкуренција, вклучително и преку барање за обезбедување на компатибилен апарат за истите.

3.2.2. За прекувремена работа на 75 лица вработени во Клиниката исплатени се 5.112 илјади денари при што не се испочитувани одредбите од член 117 став 2 и став 6 од Законот за работните односи со кои е уредена должината на прекувремената работа како и обврската на работодавачот за известување на надлежен инспекторат . Имено:

- организирањето и исплатата на прекувремената работа не се врши врз основа на претходно донесена одлука од страна на одговорното лице, туку истата се одобрува за исплата на крајот на месецот, по доставени листи од раководителите на организационите единици;
- за воведувањето на прекувремена работа не е доставено писмено известување до Државен инспектор на труд.

Утврдените состојби не обезбедуваат соодветна контрола и основаност при одобрување на прекувремената работа, овозможуваат субјективност во определувањето на должината на истата и создаваат ризик од нереални и неосновани исплати на надоместоците по овој основ.

Препорака:

Одговорното лице на Клиниката да преземе активности прекувремената работа да се одобрува и организира од страна на одговорното лице согласно реалните потреби на Клиниката, по претходно испратено известување до државниот инспекторат за труд.

3.2.3. Со Законот за здравствената заштита е предвидена можност, ЈЗУ во рамки на својата организациона поставеност, да формираат болничка аптека преку која се обезбедува управување со залихите на лекови и медицински материјали, неопходни за вршење на дејноста. Условите во однос на

потребниот простор опрема и стручен кадар за работа на аптеката се уредени со членовите 34, 42, 46 и 49 од Правилникот[4], согласно кој Клиниката треба да обезбеди соодветен простор за болничка аптека и да има вработено најмалку едно лице - фармацевт со положен стручен испит и важечка лиценца.

Со извршениот увид утврдивме дека на Клиниката не е формирана посебна организациона единица – болничка аптека, ниту е вработен фармацевт, при што во пракса приемот, складирањето и издавањето на лековите и материјалите се врши во рамки на магацините по одделенија, од страна на одговорни медицински сестри.

Поради наведеното приемот, складирањето и издавањето на лековите и материјалите се врши без соодветна стручна контрола, создава ризик од несоодветно управување со истите и грешки при нивна употреба, како и нецелосно следење на состојбата на залихите.

Препорака:

Одговорните лица на Клиниката да преземат активности за формирање на организациона единица – болничка аптека за управување со залихите на лекови и медицински потрошен материјал.

3.2.4. Во текот на 2024 година, со договор на дело од страна на Клиниката ангажирани се 24 лица (здравствени работници и помошно технички персонал), за што се исплатени 5.441 илјади денари. Со извршениот увид во склучените договори, начинот на исплата и извршување на работите, утврдивме:

- на дел од медицинскиот персонал ангажиран со договор на дело во текот на година исплатен е надоместок во износ повисок за 401 илјада денари од предвидениот со договорите, врз основа на дополнителни надоместоци[5] утврдени во самите договори, пресметани како проценти утврдени со Колективниот договор за здравствена дејност за соодветното работно место. Наведеното не е во согласност со член 1 од Колективниот договор за здравствената дејност, во кој е наведено дека со истиот се уредуваат правата и обврските од работен однос во здравствената дејност;
- во периодот од јануари до март во 2024 година ангажирани се од 2 до 5 лица повеќе од бројот за кој се издадени согласности од Министерството за финансии.

Воспоставениот начин на утврдување и исплатување на надоместоците по договорите за дело не обезбедува доследно почитување на договорните и

[4] Правилникот за потребниот простор, опрема и стручен кадар за основање, почнување со работа и вршење на здравствена дејност во здравствени установи (Службен весник на РСМ бр. 91/2013........40/2022)

[5] ноќен труд, работа во празник, работа во недела, и дежурства

законските основи, создава ризик од субјективен пристап при утврдување на висината на надоместоците на ангажираните лица и влијае на рационалното користење на буџетските средства.

Препорака:

Одговорните лица на Клиниката да преземат активности за:
- пресметување и исплатување на надоместоците согласно договорите за дело и реалниот обем на сработени работни задачи;
- редовно обезбедување согласност за ангажманот на лицата со договор на дело.

## 4. Нагласување на прашања

4.1. Согласно член 39-а од Законот за здравствената заштита, одговорното лице на Клиниката во рамки на системот Мој термин е должно да определи месечен календар на активности за секој здравствен работник кој дава специјалистичко – консултативни услуги кој особено содржи податоци за вршење на прегледи во амбуланта и давање на услуги со користење на медицинска опрема. Во рамки на Клиниката функционираат амбуланта за васкуларна хирургија и амбуланта за градна хирургија Времетраењето на смените и поединечните прегледи се определени со Правилник[6] со кој е предвидена и обврска календарот на активности да биде дефиниран и јавно достапен во системот Мој Термин.
Структурата на начинот на реализирање на прегледите во амбуланта е прикажана на Графикон бр.1
Графикон бр.1




[6] Правилник за времетраење на прегледите во специјалистичко – консултативните амбуланти и на давањето на специјалистичко – консултативни услуги со користење на медицинска опрема во здравствените установи во мрежата на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита ( Службен весник на РСМ бр. 9/2018, 227/2023)

И покрај тоа што Клиниката ја исполнува законската обврска за вкупниот број на објавени редовни термини, анализата покажува дека 66% од вкупниот број на реализирани прегледи се извршени преку итни упати или упати без термин.

Ваквата структура на упатувања укажува на значително отстапување од планираниот начин на користење на системот Мој Термин и на зголемено оптоварување на Клиниката, што може да влијае врз ефикасноста на планирањето и организацијата на работниот процес, оптималното користење на расположливите капацитети и достапноста на здравствените услуги за пациентите.

## 5. Останати прашања

5.1. Согласно член 92-г од Законот за здравствената заштита, министерот за здравство е должен да воспостави Национален систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ, кој треба да овозможи побрзо, полесно и правилно донесување на одлуки во управувањето со финансиите и останатите работни процеси во ЈЗУ, следење на критичните точки на потрошувачка, контрола и намалување на поединечните и вкупните трошоци во ЈЗУ. Согласно одредбите од овој Закон, ЈЗУ се задолжени да воведат редовна евиденција на потрошокот на медицински материјал класифициран по пациент, по упат и по здравствен работник, односно здравствен соработник и задолжителна евиденција на залихите на медицинските материјали во главното депо и во сите помошни депоа на лекови. Националниот систем треба да биде составен дел од интегрираниот здравствен информатички систем, а за непречено функционирање на системот, ЈЗУ се задолжени да обезбедат софтверска апликација која ќе овозможува непрекината двонасочна комуникација и размена на податоци.

Со анализа на преземените активностите поврзани со оваа законска обврска, констатиравме дека и покрај тоа што законската обврска за востановување на Националниот систем е воведена во 2015 година, активностите на Министерството сé уште се наоѓаат во почетна фаза и според добиената Информација, Националниот систем од јануари 2018 година не е во функција поради необезбеден договор за негово одржување.

Поради наведеното, не е обезбедено следење на критичните точки на потрошувачка, контрола и намалување на поединечните и вкупните трошоци во ЈЗУ.

Ревизијата е на мислење дека е потребно, Министерството да преземе активности за имплементација и функционалност на Националниот систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 15.11.2025 до 12.03.2026 година, кај Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија, сметка на средства од фондот - 737 од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Не е вршена ревизија, ниту е издаден било каков извештај за финансиските извештаи на Клиниката за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничување во опфатот на ревизијата.

## 8. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија, застапувано од:

- Д-р Неџати Јакупи, в.д. медицински директор од 17.09.2018 година, медицински директор од 12.02.2024 година до 17.07.2024 година:
- Адмир Дајовски, организациски директор од 07.12.2023 година до 23.07.2024 година;
- Д-р Игорче Џиковски, в.д. медицински директор од 17.07.2024 година, и в.д. директор од 13.09.2024 година, в.д. директор од 17.03.2025 година и 17.09.2025 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешната контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

## 10. Недостатоци во внатрешната контрола

10.1. Извршивме оценка на воспоставениот систем на внатрешни контроли со цел да утврдиме дали истиот е дизајниран и функционира согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, при што го утврдивме следното:

- документите кои се генерираат во процесот на благајничко работење[7], како и влезните фактури не се соодветно потпишани, контролирани, одобрени и ликвидирани од страна на раководителите во организационите единици на Клиниката, каде што се одвиваат овие процеси. Наведеното укажува дека не е воспоставена соодветна поделба на должностите и одговорностите во финансиското работење, како што е предвидено со членовите 11 и член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола[8];
- за дел од набавките кои во име и за сметка на Клиниката ги врши ЈУ за заеднички работи, не е воспоставена ex ante и ex post финансиска контрола, како што е предвидено со член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Имено:
    - кон фактурите за наплата на услугите не се доставуваат договорите склучени меѓу ЈУ за заеднички работи и економските оператори, поради

[7] Касови извештаи, Извештај за наплатени средства во смена, Контролен извештај од фискален апарат, документи каса прими и каса исплати
[8] Од 17.12.2024 година во важење е нов Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор

што не може да се изврши контрола на усогласеноста на фактурираните со договорените цени;
- за занаетчиските услуги кои ги обезбедува ЈУ за заеднички работи се врши плаќање на месечен паушал според квадратурата на објектот на Клиниката, без доставување на поткрепувачка документација за реално извршените услуги, што создава ризик од плаќање на услуги без соодветен доказ за извршување.

Наведеното укажува дека не е воспоставен функционален и ефикасен систем на внатрешни контроли, што ја ограничува можноста за навремено откривање и спречување на неправилности и создава ризик од несоодветно управување и неекономично користење на јавните средства.

Препорака

Одговорните лица да ги преземат потребните активности за воспоставување ефикасна организациска структура и контроли за процесите во Клиниката.

## 11. Корекции во текот на ревизијата

Во текот на ревизијата од страна на Клиниката извршени се сметководствени корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија кои предизвикуваат промени во финансиските извештаи. Нето ефектот од корекциите е намалување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба во износ од 20.689 илјади денари. Имено:

- со налози за книжење број 03-91 и број 03-91/2 од 03.02.2026 година извршено е зголемување на позициите Материјални средства и Извори на капитални средства со нето ефект во износ од 5.362 илјади денари;
- со налог за книжење број 05-264 од 06.04.2026 година извршено е намалување на позициите Побарувања и Пасивни временски разграничувања во износ од 26.051 илјади денари.

## 12. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија одржан на ден 12.03.2026 година за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр.25-664/1 од 27.04.2026 година.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2024 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 346.675 | 240.617 |
| **Вкупно приходи** | | **346.675** | **240.617** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 86.393 | 74.518 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 217.439 | 150.246 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **303.832** | **224.764** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 42.843 | 15.853 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **42.843** | **15.853** |
| **Вкупно расходи** | | **346.675** | **240.617** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| Тековни средства | | | |
| Побарувања | | 0 | 22.539 |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 403 | 403 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.2. | 667 | 285 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 191.877 | 240.332 |
| Залихи | 4.1.4. | 22.961 | 33.653 |
| **Вкупно тековни средства** | | **215.908** | **297.212** |
| Постојани средства | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 226 | 226 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 133.821 | 125.365 |
| **Вкупно постојани средства** | | **134.047** | **125.591** |
| **Вкупна актива** | | **349.955** | **422.803** |
| Пасива | | | |
| Тековни обврски | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 179.981 | 232.889 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.3.2. | 667 | 285 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 11.896 | 7.443 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 403 | 22.942 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **192.947** | **263.559** |
| Извори на средства | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4. | 157.008 | 159.244 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **157.008** | **159.244** |
| **Вкупна пасива** | | **349.955** | **422.803** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2024 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Состојба 01.01.2024 година | 125.591 | 33.653 | 159.244 |
| | | | |
| Зголемување по основ на: | 39.027 | 92.953 | 131.980 |
| Набавки | 27.029 | 92.953 | 119.982 |
| Донации | 249 | | 249 |
| Пренос на основни средства од 531 | 73 | | |
| Корекции по ревизија | 5.362 | | |
| средства | 6.314 | | 6.314 |
| | | | |
| Намалување по основ на: | 30.571 | 103.645 | 134.216 |
| Отпис на капитални средства | - | | - |
| Потрошок на материјали | | 103.645 | 103.645 |
| Амортизација | 30.571 | | 30.571 |
| | | | |
| Состојба 31.12.2024 година | 134.047 | 22.961 | 157.008 |